**ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО**
**А бр. 596/20-28**
**Скопје, 18.12.2020 година**

Врз основа на чл.36 ст.2 од Законот за јавнообвинителска служба ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/15, бр.231/15, бр.11/16 и 21/18) Основниот јавен обвинител, донесе

**О Д Л У К А**
**за не избор на кандидат по пат на јавен оглас**

1. За еден извршител на работно место - **Соработник информатичар** и за еден извршител на работно место - **Соработник преведувач од македонски јазик на албански јазик и обратно** во Истражниот центар, **во Основното јавно обвинителство Скопје, не се врши избор на кандидати.**

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страницата и на огласната табла на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во врска со јавниот оглас бр.1/2020 објавен на 15.10.2020 година во дневните весници „Вечер",„Нова Македонија" и „Коха", за вработување на еден извршител на работно место - Соработник информатичар и за еден извршител на работно место - Соработник преведувач од македонски јазик на албански јазик и обратно во Истражниот центар, во Основното јавно обвинителство Скопје, по спроведена постапка за селекција за вработување од страна на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас, поради немање на ниту еден уреден кандидат кој ја поминал административната селекција, Основниот јавен обвинител, донесе одлука како во диспозитивот на одлуката.

**ОСНОВЕН ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
**Сашо Рајчев**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку јавното обвинителство за чии потреби е објавен јавниот оглас, до Совет на јавнообвинителска служба во рок од осум дена од денот на приемот на писменото известување за извршениот избор.

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Јавно обвинителство на Република Северна Македонија;
- Одделение за за управување со човечки ресурси во ЈОРСМ;
- Архива.